Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 и 11/2018), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

# ОДЛУКА

## за избор на административен службеник по Интерен оглас бр.01/2018

1. За извршител на работното место УПР 0101В04000-Помлад соработник за финансиска контрола, Одделение за буџетска контрола, Сектор за финансиски прашања, се избира кандидатот **Жарко Петковски.**
2. Одлуката за избор на административен службеник по Интерен оглас бр.01/2018 се доставува до кандидатот и се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Општина Ѓорче Петров на ден 24.09.2018 година објави Интерен оглас бр.01/2018 за унапредување на административен службеник на работно место УПР 0101В04000-Помлад соработник за финансиска контрола, Одделение за буџетска контрола, Сектор за финансиски прашања-1 извршител.

Со Решение бр.09-3330/7 од 01.10.2018 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување која ја спроведе постапката по објавениот интерен оглас. Комисијата за селекција за унапредување спроведе административна селекција за интерен оглас (Записник од административна селекција за интерен оглас бр. 04-3330/8 од 05.10.2018 год.) и интервју (Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-3330/9 од 05.10.2018 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Комисијата за селекција за унапредување подготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и до Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров достави предлог листа за избор на кандидат заради избор на кандидат односно донесување на Одлука за избор.

Градоначалникот по разгледувањето на предлог листата за избор на кандидат, врз основа на законските прописи, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Општина Ѓорче Петров.

**Бр. 09-3330/10**
**од 08.10.2018 год.**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**

**Доставено до:**
-кандидатот
-одд.за управување со чов.ресурси
-архива